Врз основа на член 19 алинеа 5) а во врска со член 22 став 1 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.98/2019, 153/2019, 92/2021, 222/2024 и 59/2025), член 15 алинеа з), а во врска со член 17 од Статутот на Агенцијата за електронски комуикации, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуикации на состанокот одржан на 12.05.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации

I

**Нусрет Халити** се именува за директор на Агенција за електронски комуникации.

II

Одлуката влегува во сила на ден 01.06.2026 година и истата ќе се објави на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

III

Одлуката е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, на состанокот одржан на 14.04.2026 година, донесе Одлука за објавување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации под број 1102-17/3. Јавниот оглас беше објавен на 16.04.2026 година во дневните весници „Вечер" „Слободен Печат" и „Лајм".

На состанокот одржан на 07.05.2026 година, Комисијата ги отвори и ги разгледа пријавите со пропратната документација што во рокот определен во Јавниот оглас беа доставени во архивата на Агенцијата за електронски комуникации. Комисијата констатира дека се доставени 8 (осум) навремени пријави.

Во согласност со постапката за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации утврдена во член 17 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации и во јавниот оглас, Комисијата на состанокот одржан на 11.05.2026 година изврши интервју со 8 (осум) од вкупно( 8) осум повикани кандидати.

По извршеното интервју, а врз основа на член 19 алинеа 5) а во врска со член 22 став 1 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.98/2019, 153/2019, 92/2021, 222/2024 и 59/2025), член 15 став 1 алинеја з), а во врска со член 17 од Статутот на Агенцијата за електронски комуиникации, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации едногласно донесе одлука со која за директор на Агенција за електронски комуникации го именува Нусрет Халити од Тетово.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе тужба до Управен Суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Наш број 1102-25/3

Скопје, 12.05.2026 година

Агенција за електронски комуникации

Комисија

Проф. д-р Орце Симов, претседател